**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

ЗА РАБОТАТА НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

2019 година

Национален младински совет
на Македонија

## СЕКРЕТАРИЈАТ НА НАЦИОНАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА

Во Секретаријатот на НМСМ во 2019 година, работен ангажман имаат следните лица:

1. **Ивона Крстевска** – Генерален секретар (до јуни 2019)
2. **Мартин Милошевски** – Координатор за меѓународни прашања и политики (до јуни 2019), Генерален секретар (до октомври 2019)
3. **Гордана Колова** - Проектен координатор (до октомври 2019), Генерален секретар (од октомври 2019)
4. **Јана Јосифовска** – Финансиски и административен менаџер
5. **Филип Кулаков** – Проектен асистент (до јуни 2019) Координатор за меѓународни прашања и политики (од јули 2019)
6. **Елена Димовска** – Координатор истражувач
7. **Тамара Петковска** – Координатор за членство (до ноември 2019)
8. **Стефан Филиповски** – Финасиски и административен асистент
9. **Јелмаз Дервиши** – Координатор за комуникации - МладиХаб (од август 2019 до декември 2019)
10. **Весна Радиновска** – Проектен координатор (од октомври 2019)
11. **Игор Димовски** – Проектен асистент (од октомври 2019)
12. **Искра Дочовска** – Координатор за комуникации - МладиХАБ (од декември 2019)

## ПРОЕКТНА РАБОТА

### 1.Civic Engagement Project (CEP) – Проект за граѓанско учество

Civic Engagement Project (CEP) – Проект за граѓанско учество претставува петгодишна иницијатива за поддршка на македонскиот граѓански сектор и младинските организации кои ги вклучуваат граѓаните, приватниот сектор и владините институции, како и засегнатите страни за прашања од јавен интерес. Во рамки на проектот НМСМ организира едногодишна LEAD (Linking, Engagement, Advocacy, Development) програма која им овозможува на мотивираните млади луѓе, да стекнат вештини за да работат во рамките на нивните заедници. Исто така, LEAD им овозможува на младите учество во јавниот живот и процесот на донесување одлуки за прашања кои влијаат на нивниот живот, заедниците и воопшто на македонското општество. Проектот за граѓанско учество е имплементиран од страна на Ист Вест Менаџмент Институт (East West Management Institute – EWMI), во партнерство со три граѓански организации:

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Фондацијата за интернет и општество „Метаморфозис“, Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ), и Националниот младински совет на Македонија (НМСМ).

Главни резултати на проектот се:

– Доделени и спроведени 19 грантови од страна на третата генерација од LEAD MK стипендистите;

– Доделени 6 Награди за младинско учество (Youth Civic Engagement Award) на 3 поединци и 3 младински организации;

– Спроведени 6 грантови во рамки на Наградата за младинско учество за поддршка и продолжување на активностите на добитниците на Наградата за кои беа препознаени;

– Реализирана LEAD MK Академија за 22 стиендисти од новоизбраната четврта генерација на LEAD MK стипендираната програма.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** септември 2016 – јули 2021
**ДОНАТОР:** УСАИД (USAID)

**2. FABUSS (FAmily BUsiness Successful Succession – Успешно наследување на семеен бизнис)**

FABUSS (FAmily BUsiness Successful Succession – Успешно наследување на семеен бизнис) е 24 месечен младински ЕРАСМУС проект кој се стреми да им помогне на младите поврзани во семеен бизнис да се оспособат за ефикасно наследување на бизнисот. Целната група ја сочинуваат лица на возраст помеѓу 18 и 35 години кои сакаат да го преземат семејниот бизнис во извесен момент во иднината. Овие лица со аспирации за наследување имаат потреба од вештини и знаења за ефикасно развивање на бизнисот преку имплементирање на иновативни стратегии, вклучително и проширување на нивните пазари преку вмрежување и соработка со слични претпријатија во други земји.

Главните резултати на проектот за 2019 се:

– Идентификација и анализа на регионалните потреби во полето на семејното наследување на бизнисот и младинското претприемништво;

– Создавање и имплементација на интернет алатка, е-платформа за учење и подобрување на нивото на претприемачки вештини, потребни во процесот на наследување на семејниот бизнис;

– Поддршка и олеснување на стратешкото планирање на семејни претпријатија, засновани на реални процеси за ублажување на ризиците од неуспех во нивното наследување и управувањето со семејниот бизнис.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** февруари 2017 – март 2019

Национален младински совет
на Македонија

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**ДОНАТОР:** Европската комисија

**3. The Balkan Girl Power Project**

The Balkan Girl Power Project е проект чија главна цел е да обезбеди тренинг и советување за изработка на фотографии кои ги изразуваат ставовите, перспективите и идеите на девојките од земјите од Западен Балкан. Активностите во рамки на Balkan Girl Power проектот ќе резултираат со зголемена видливост на перспективите на девојките од Западен Балкан за иднината на нивните земји во Европската Унија, воспоставување на неформална мрежа со повеќе од 100 девојки кои активно учествуваат во проектот, како и едукација на  девојките за креативни вештини и алатки за критичко размислување за нивната улога во општеството и во обликувањето на иднината на нивната земја и регионот на Западен Балкан.

Главни резултати на проектот се:

– Учество во регионална Balkan Girl Power изложба, каде 20 девојки од Северна Македонија имаа можност да ги претставаат своите фотографии;

– Доделени награди за најдобра фотографија на 2 девојки од Северна Македонија.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** јули 2018 – март 2019

**ДОНАТОР:** Фонд за Западен Балкан

**4.Зошто Закон за млади во РМ?**

Зошто Закон за млади во РМ? е партнерски проект на Националниот младински совет на Македонија заедно со организациите членки: Сојуз на извидници на Македонија, Центар за интеркултурен дијалог, Младински образовен форум, Совет за превенција на малолетничка деликвенција – Кавадарци, Младински културен центар – Битола, АКВА – Струга, Центар за развој и унапредување на јавниот Живот – Тетово, Фондација за развој на локалната заедница – Штип и Регионален центар за општествен развој – Гевгелија. Проектот има за цел да ги информира и едуцира младите за потребата и придобивките од постоење на Закон за млади во Република Македонија. Постигнувањето на целта овој проект го предвидува преку одржување на 16 едукативни работилници за млади низ осумте статистички региони на земјата.

Главни резултати на проектот за 2019 година се:

- Реализирани 16 едукативни работилници за млади во сите плански региони за Закон за млади
- Креирана брошура со препораките добиени за време на работилниците
- Придонес во консултациите за креирање на Закон за младинско учество и младинско организирање

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** мај 2018 – април 2019

Национален младински совет на Македонија

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**ДОНАТОР:** Фондација Отворено општество - Македонија

**5.WeB4YES (Western Balkan Civil Society Organisations for Youth Employment Support – Граѓански организации на Западен Балкан за поддршка за младинско вработување)**

WeB4YES (Western Balkan Civil Society Organisations for Youth Employment Support – Граѓански организации на Западен Балкан за поддршка за младинско вработување) претставува иницијатива на регионално ниво чија цел е да се обезбеди иновативен меѓусекторски пристап и да се понудат опции за подобрување на можноста за вработување на младите од регионот на Западен Балкан. Проектот има за цел да се фокусира на изнаоѓање решение за постоечките предизвици кои произлегуваат од недоволната соработка меѓу чинителите од граѓанското општество и државните власти во земјите од Западен Балкан во политичките процеси и донесувањето на одлуки во насока на реформскиот процес кој се однесува на невработеноста на младите. Проектот, меѓу другото има и за цел да ги зајакне чинителите од граѓанското општество со цел тие да дадат значителен придонес во решавањето на многу прашања од областа на вработувањето и претприемништвото преку нивните активности за застапување и надзор на национално, регионално и локално ниво и на тој начин да стават поголем фокус на потребите на младите граѓани во креирањето политики. Координатор на Проектот е Белградската отворена школа, а партнерите на проектот се: Здружението надвор од границите (Тирана, Албанија), Здружението за демократски просперитет – ЗИД (Подгорица, Црна Гора), Институтот за развој на млади КУЛТ (Сараево, Босна и Херцеговина) НВО Ленс (Приштина, Косово*), Националниот младински совет на Македонија (Скопје, Македонија) и Меѓународниот центар Олоф Палме (Стокхолм, Шведска).

Главни резултати на проектот се:

– Реализирана обука за јакнење на капацитетите на младинските организации и запознавање со основите за развој на јавните политики и застапување во областа на политиките за вработување, со посебен акцент на политиките за вработување на младите;

– Доделени грантови за партнерски проекти во регионот, вклучувајќи 4 на организации во Северна Македонија;

– Поставена регионална платформа (WeB4Jobs) за вработување, пракса и обуки.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** декември 2017 – јануари 2021

**ДОНАТОР:** Европската комисија

**6. Гаранција за млади (ГМ)- Youth Guarantee (YG)**

Гаранција за млади (ГМ) е проект на Владата на Република Македонија чија цел е да им обезбеди на младите лица (15-29) во период од четири месеци понуда за вработување, континуирано образование и обуки или практиканство. На младите невработени лица им се

обезбедуваат услуги што ќе овозможат нивна активација и мотивирање во рамките на ГМ, со цел да им се даде соодветна понуда. Потоа, невработените млади лица се вклучуваат во соодветните програми, мерки и услуги за вработување во согласност со годишниот Оперативен план, или повторно се вклучуваат во образовниот процес („втора можност“).
Националниот младински совет на Македонија организира и обезбедува услуги за теренска работа за неангажираните млади лица и им помага да се регистрираат во системот за обезбедување услуги на ГМ, и им дава поддршка на младите лица да се активираат на пазарот на труд. Теренската работа за 2019 беа спроведени на терен во општините во Североисточен регион, Полошки регион, Југозападен регион како и во одделните општини Шуто Оризари, Гази Баба и Струмица.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** април 2018 - септември 2019
**ДОНАТОР:** Швајцарска агенција за развој и соработка

**6.MladiHUB - Digital Youth – МладиХАБ - Дигитална младина**

MladiHUB-Digital Youth – МладиХАБ-Дигитална младина е проект во кој на младите лица им се нуди пристап до обуки за дигитални и меки вештини во замена за општокорисна работа. Во зависност од нивните вештини и интереси, како и од потребите на заедницата во која живеат, младите учествуваат во различни општокорисни иницијативи и на тој начин добиваат обуки од сертифицирани провајдери и можности за вмрежување и животно искуство. До крајот на проектот, младите луѓе во државата ќе имаат и платформа преку која ќе можат да стекнат и да ги подобрат нивните дигитални вештини и да одговорат на дигиталната трансформација на економијата. Сето ова ќе ги подобри нивните шанси за вработување, ќе промовира иновативност, ќе придонесе кон економска еманципација на младите и ќе ја подобри економската состојба во земјата.
Главни резултати на проектот за 2019 година се:

- Идентификувани 17 модула за унапредување на дигиталните вештини на младите
- 350 млади заинтересирани за првиот циклус на обуки
- Остварена соработка со 10 граѓански организации за општокорисна работа

**ПЕРИОД НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА:** мај 2019 – март 2021
**ДОНАТОР:** Британска амбасада во Скопје

**7. Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија**

„Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија” е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) и има за цел да ги поддржи демократските

и веродостојни изборни процеси кои го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција со тоа што на гласачите им овозможуваат да ги изберат своите претставници и од нив да бараат отчетност. Активностите воглавно се насочени кон три различни таргет групи, и тоа: изборната администрација, политичките партии и граѓанскиот сектор. Проектот е имплементиран од страна на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во партнерство со Националниот младински совет на Македонија.
Главни резултати на проектот за 2019 се:

- Подготовка на оперативен план
- Избор на консултанти
- Реализација на подготвителната фаза

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** август 2019 – јуни 2023
**ДОНАТОР:** Швајцарска агенција за развој и соработка (СДЦ)

**8. Студентско (ре)формирање**

Студентското организирање е клучна тема за студентите во периодот на почетокот на новата академска година. Со донесувањето на новиот закон за високо образование се направи реформа во студентското организирање. Студентите не се доволно информирани за новиот модел на студентско организирање, а универзитетите се должни да го воспостават истиот со почетокот на новата академска година. Поради тоа, неопходно е да се мониторира целокупниот процес на воспоставување на новиот модел на студентско организирање, од информирање на студентите, преку изборниот процес на студентски претставници до воспоставување на факултетските и универзитетски собранија и органи за заштита на правата на студентите. Овој проект ќе го адресира токму прашањето на студентско организирање и ќе го следи процесот на воспоставување на новиот модел на студентско организирање во три државни универзитети – УГД, УКЛО и Универзитетот во Тетово. Со проектот ќе се поттикне активно учество на студентите во овие процеси, преку нивно поголемо информирање и мотивирање за вклучување во процесите на донесување на одлуки и застапување на студентите пред универзитетските органи. Преку развивање на детален план за застапување и координација помеѓу проектните партнери ќе се иницира кампања за студентско организирање која ќе ги информира студентите за нивните права и можности да учествуваат во работата на универзитетот, но и за новиот модел на студентско организирање. Со оглед на тоа што, организации-членки на НМСМ веќе работат на застапување за студентско организирање на УКИМ, НМСМ, заедно со вклучените организации-членки со овој проект ќе работи на информирање и застапување за транспарентни студентски избори и студентско организирање во државните универзитети во Штип, Битола и Тетово. Притоа, постојани

консултации и координација ќе се прави и со организациите – членки кои работат во истата област на УКИМ.
Главни резултати на проектот за 2019 година се:

- Мониторинг на факултетите за студентските избори
- Мониторинг на факултетите за избори на студентски правобранител
- Подготовка на матрица за мониторинг на активности

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** октомври 2019 – јули 2020
**ДОНАТОР:** Фондација Отворено општество - Македонија

**9.Connecting Youth – Western Balkans Youth Cooperation Platform**

Connecting Youth – Western Balkans Youth Cooperation Platform е иницијатива на Институтот за соработка и развој од Албанија, поддржана од Фондацијата Ханс Зајдел (Hanns Seidel). Целта на платформата е да им понуди на младинските организации, граѓанските организации, неформалните движења, групи или млади поединци од целиот Западен Балкан, ресурсен центар каде каде ќе можат да пронајдат партнери за заеднички активности, размени на иницијативи, младински проекти, простор за дискутирање за идеи за соработка, иницирање заеднички активности и советување. WB YCP, исто така, нуди широк спектар на постоечки иницијативи, национални, регионални и поддржани од ЕУ, кои имаат за цел млади и покриваат Западен Балкан.
Главни резултати на проектот за 2019 година се:
– Репозиториум на организации: младински организации, движења, неформални групи, млади истражувачи итн. кои можат да го регистрираат својот профил и да ги промовираат своите активности;
– Пребарување на партнери: сите корисници на платформата кои имаат потреба да најдат контакти во една од земјите за нивниот следен проект, можат да ги користат филтрите за да го најдат соодветниот партнер за нивната идеја;
– Информативен ресурсен центар во врска со претстојните активности на RYCO.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** март 2018 – тековно
**ДОНАТОР:** Фондација Hanns Seidel

**10.Еуродеск (Eurodesk)**

Еуродеск е младинска информативна мрежа официјално признаена како организација за поддршка на Еразмус+ (2014 – 2020). Во моментов е присутна во 35 земји, односно во 37 канцеларии и има 1098 мултиплаери низ Европа. Главната цел на оваа мрежа е да ја подигне свеста на младите за можностите за мобилност и да ги охрабри да станат активни граѓани. Како

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

Еуродеск информативен центар, НМСМ има можност да учествува во креирањето на содржините за Европскиот младински портал. Европскиот младински портал нуди европски и национални информации и можности кои се во интерес на младите луѓе кои живеат, учат и работат во Европа. На порталот се споделуваат податоци од 34 земји и е достапен на 28 јазици.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** Април 2018 – тековно

**11.Youth Wiki (ЈутВики)**

Youth Wiki (ЈутВики) претставува online енциклопедија за младински политики. Платформата е креирана од страна на Извршната агенција за образование, аудиовизуелна дејност и култура при Европската комисија. Станува збор за сеопфатна база на податоци за националните структури, политики и активности кои се однесуваат на младите луѓе. Македонија е една од 29-те европски држави кои ги анализираат националните политики за млади поделени во 9 поглавја: управување со младински политики, волонтерски активности, вработување и претприемништво, социјална инклузија, учество, образование и тренинг, здравје и добросостојба, креативност и култура и младите и светот. Носител на проектот е Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а Националниот младински совет на Македонија работи на анализа и ажурирање на поглавјата на платформата.

Главни резултати на проектот за 2019 година се:

- Ажурирани 9 поглавја на платформата
- Инкорпорирано ново 10-то поглавје на платформата
- Одржани 5 работилници за младински политики
- Онлајн промоција на платформата
- Национална конференција

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** октомври 2018 – март 2020

**ДОНАТОР:** Европската комисија

**12. MLADI.MK**

MLADI.MK е веб-платформа за младинско информирање, иницирана и воспоставена од страна на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ) во март 2016 година. Млади.мк овозможува простор за директна комуникација помеѓу организациите, институциите и младите, за промовирање различни можности и споделување релевантни информации. Во моментов, платформата ја користат 62 организација, кои преку своите креирани профили на Млади.мк објавуваат повици и можности за образование, надградба, волонтерство, стажирање, работа, конкурси и настани, во земјава и во странство. До Млади.мк се пристапува преку неколку канали: веб-страната, мобилната апликација mladi.mk (достапна за iOS и Андроид

мобилни телефони) и истоимената страна на Facebook. Веб страната Mladi.mk беше поддржана од Проект на УСАИД за граѓанско општество имплементиран од Фондација отворено општество Македонија, а креирањето на апликацијата Mladi.mk беше поддржана од Британската амбасада Скопје во рамки на проектот „Младинско учество“.

Главни резултати на овој проект за 2019 година се:

- Промоција на активностите на младинските организации
- 62 организации кои имаат профил на платформата

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** 2016 – тековно

**13. Иницијатива „Иницирај шанса за сите“**

Иницијативата „Иницирај шанса за сите“ е дел од Програмата за зајакнување на граѓанското учество во законодавните процеси раководена од Националниот демократски институт (НДИ), а со финансиска поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Како цел на законодавната иницијатива е промена на начинот на регистрација на невработените млади лица (активни баратели на работа) во АВРСМ кои согласно актуелниот Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност се должни лично да се јавуваат во Агенцијата на секои 30 дена. Иницијативата произлегува од искуството на НМСМ со Гаранцијата за млади и беше лоцирана потреба од промена на чл. 59-а, од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** февруари 2019 - тековно
**ДОНАТОР:** УСАИД (USAID)

**14. Cross-Sectoral Youth Assessment in North Macedonia**

За потребите на добиен проект на УСАИД од страна на Наванти во текот на 2019 година се работеше на подготовка квалитативно истражување за потребите на младите во Република Северна Македонија. Беше спроведен повик за фасилитатори од организациите членки на НМСМ а за избраните лица се реализираше обука. Во склоп на овој проект, подготвена е методологија за истражувањето

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** април 2019 - јули 2019
**ДОНАТОР:** УСАИД (USAID)

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

**15. Field level evaluation of small project assistance grants implemented throughout North Macedonia**

Во текот на 2019 година НМСМ спроведе 20 евалуации на проекти од small grant assistance програмата на Peace Corps, реализирани во периодот од 2014 до 2018 година. Беа реализирани теренски посети, подготвени прашалници за евалуација, спроведени интервјуа, а евалуацијата се правеше на општини, училишта и здруженија на граѓани. Преку оваа евалуација на проекти опфатени беа претседатели на здруженија, учесници во програмите креирани преку овие проекти, контакт лица во проектот, вработени во Peace Corps.

Постигнати резултати на овој проект за 2019 се:

- 77 интервјуирани лица
- Набљудување на терен
- Евалуирани 20 проекти
- Подготвен финален извештај

**ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА:** мај 2019 - септември 2019
**ДОНАТОР:** Peace Corps

## ТЕКОВНО РАБОТЕЊЕ

Покрај проектните активности членовите на секретаријатот на НМСМ учествуваат:

- На состаноците на УО на НМСМ
- На состаноците на работните групи на НМСМ
- Обуки и работилници за градење на капацитети;
- Настани на организациите членки на НМСМ и други граѓански организации;
- Меѓународни настани и конференции

Секретаријат на НМСМ преку програмата за општокорисна работа изработена за МладиХаб помогна на повеќе од 10 здруженија на граѓани.

## ПРОЕКТНИ АПЛИКАЦИИ

Секретаријатот на НМСМ во 2019 година работеше на неколку проектни апликации до донаторите:

1. **Британска амбасада во Скопје** - 1 апликација
2. **Влада на РСМ** - 1 апликација

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

3. **Peace Corps** - 1 апликација
4. **Национална агенција за европски програми и мобилност** - 1 апликација
5. **Национален демократски институт** - 1 апликцијa
6. **Erasmus+ K2, K3** - 3 апликации

## ПОСЕТА НА ЧЛЕНСТВО

Во текот на 2019 година НМСМ даде повеќе поддршки на реакции на организации членки како и писма за поддршка на организации при апликација за проекти.

НМСМ работеше во насока на заедничко аплицирање на проектни апликации со организациите членки.

Беа посетени следниве организации членки, вкупно 24:

1. Фондација Метаморфозис
2. Здружение за дислекција Ајнштајн
3. Гоу Грин
4. Центар за интеркултурен дијалог - ЦИД
5. Обединета младина за Македонија
6. МОДОМ
7. Млади европски федералисти - ЏЕФ Македонија
8. ИАЕСТЕ
9. Акција Плус Ресен
10. Младински културен центар - Битола - МКЦ Битола
11. Центар за едукација и развој - ЦЕД Теарце
12. Совет за превентива за малолетничка деликвенција - СППМД Кавадарци
13. Регионален центар за одржлив развој Гевгелија - РЦОР Гевгелија
14. КХАМ Делчево
15. Фондација за развој на локалната заедница - ФРЛЗ Штип
16. Центар за рурален развој - Бујрум Куманово
17. Асоцијација за развој на нови опции АРНО
18. Сојуз на извидници на Македонија - СИМ
19. ЛГБТИ Центар за поддршка
20. Социјалдемократска младина на Македонија - СДММ
21. Европска младинска студентска асоцијација - ЕМСА Македонија
22. Младински образовен форум - МОФ
23. Креактив
24. Младите можат

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

## УПРАВЕН ОДБОР НА НМСМ

Членовите на Управниот одбор до месец мај 2019 беа следните, поделени по своите портфолија на работа во организацијата:

1. **Блажен Малески** – Претседател; Финансирање и донатори
2. **Илија Станковски** – Потпретседател; Односи со јавност
3. **Александра Филипова** - Комуникација со институции и политики
4. **Марко Панковски** – Управување и организациски развој
5. **Андреа Угриноска** – Меѓународни односи
6. **Анелија Митрова** – Комуникација со членство

Од крајот на месец мај, по одржување на конститутивната седница, членовите на Управниот одбор за 2019, поделени по портфолија, се следните:

1. **Бојан Петровски** – Претседател
2. **Владимир Костовски** – Потпретседател; Комуникација со институции и политики
3. **Анита Николовска** – Управување, организациски раст и развој
4. **Кристијан Панев** – Управување, организациски раст и развој
5. **Драгана Јовановска** – Меѓународни односи
6. **Петар Барлаковски** – Комуникација со институции и политики
7. **Елена Велковска** – Комуникација со институции и политики (мај 2019 - октомври 2019)

Во текот на овој период, Управниот одбор го промени начинот на водење на записникот и известувањето кон членството, а дополнителни промени направи и во Деловниот за работа на УО. Анита Николовска беше В.Д. Претседател до есенското собрание на кое се изгласа Бојан Петровски како претседател на НМСМ. Во периодот 2019 - 2020 се одржаа вкупно 13 седници на Управниот одбор на НМСМ.

## СТАВОВИ И ПОЛИТИКИ

- Поддршка на реакција на МОФ за кратење на буџетот во образованието
- Поддршка на Реакција на граѓанските организации за скандалозната изјава на премиерот Заев
- Амандмани на текстот на Закон за младинско учество и младински политики
- Реакција на објавен оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации од 01.11.2019 од страна на Агенција за млади и спорт

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

## УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА ЕВРОПСКИОТ МЛАДИНСКИ ФОРУМ (ЕМФ)

- Учество на пролетно и есенско собрание на ЕМФ;
- Редовна комуникација и координација со телата на ЕМФ;

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

- Состанок на националните работни групи за спроведување на Структурен дијалог / ЕУ младински дијалог во Виена, Австрија – Мартин Милошевски
- Состанок на националните младински совети од Јужна и Југоисточна Европа организиран од Националниот младински совет на Португалија во Гаја, Португалија – Марко Панковски
- Младинската конференција „Како подобро да се одговори на европските аспирации на младите генерации од Западен Балкан“ во Букурешт, Романија - Ивона Крстевска
- Тркалезната маса на тема: „Advancing youth political participation through regional cooperation of NYC“ во Белград, Србија – Тамара Петковска
- Форумот за граѓанско општество, во рамки на Самитот за Западен Балкан 2019 во Познањ, Полска – Кристијан Панев
- Академија за застапување за правата на младите на Национален младински совет на Украина во Киев, Украина – Анита Николовска
- Годишно собрание на Deutscher Bundesjugendring во Берлин, Германија – Анита Николовска и Гордана Колова
- Самит во Познан - Кристијан Панев
- Студиска посета од ОБСЕ Србија и КОМС во НМСМ – Марко Панковски, Блажен Малески, Драгана Јовановска, Владимир Костовски, Филип Кулаков

## УЧЕСТВО ВО НАЦИОНАЛНИ РАБОТНИ ГРУПИ

- Работна група за изработка на Национална стратегија за развој на концепт едно општество за сите – кластер млади – Александра Филипова
- Работна група за креирање на Закон за младинско учество и младински политики – Блажен Малески

ул. Аминта Трети 29/1-3, 1000 Скопје
+389 78 350 531
info@nms.org.mk
/NMSMKD
@NMSmkd

- Работни групи за креирање на Акциски план на Националната страгетија за млади 2020 година – Гордана Колова, Филип Кулаков, и Елена Димовска
- Работна група за креирање на Закон за младински стандард – Бојан Петровски, Петар Барлаковски и Филип Кулаков
- Работна група за креирање на критериуми за избор на младински претставник во РИКО - Владимир Костовски

## СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ

- Агенција за млади и спорт
- Влада на РСМ
- Претседател на Република Северна Македонија – меморандум за соработка за користење на Претседателската канцеларија за потребите на проектот „МладиХАБ – Дигитална младина“
- Собрание на РСМ
- МТСП во рамки на спроведување и креирање на политики, конкретно Гаранција за млади
- Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност – обезбедување средства за спроведување на проектот ЈутВики

## ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ:

- Состанок со Агенцијата за млади и спорт за младинска картичка
- Состанок со Јужни совети
- Состанок со Украински национален младински совет
- Отворен ден: Консултација за младински политики во Влада
- Учество во јавната расправа во Собранието на тема: Предлог Закон за социјална заштита
- Учество во јавната расправа во Собранието на тема: Предлог Закон за младинско учество и младински политики
- Состанок со АМС за програмата на сектор млади за 2020 година
- Состанок во Американска амбасада